ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

за утврдените состојби во финансирањето на **изборна кампања** за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | РЕЗИМЕ | 5 |
| | ИЗБОРЕН ПРОЦЕС | 7 |
| 1 | ВОВЕД | 9 |
| 2 | ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА | 11 |
| 3 | НАДЛЕЖНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРЕН ПРОЦЕС | 13 |
| 3.1 | Активности пред започнување на изборна кампања | 16 |
| 3.2 | Активности за време на изборната кампања | 16 |
| 4 | ПОДАТОЦИ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ | 21 |
| 4.1 | Приходи | 21 |
| 4.2 | Расходи | 31 |
| 5 | ОДЛУКИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ДКСК | 37 |
| 5.1 | Предмети по пријави | 38 |
| 5.2 | Предмети по сопствена иницијатива | 39 |
| 5.3 | Предмети по приговор | 39 |
| 6 | ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ | 43 |
| 7 | СЛАБОСТИ НА ИЗБОРЕН ЗАКОНИК | 47 |
| 8 | ЗАКЛУЧОК | 50 |

Почитувани,

Во согласност со нашата законска обврска, одговорност и заложба за транспарентност, Државната комисија за спречување на корупцијата го изготви овој Посебен извештај со цел да го информира Собранието за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за Избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година.

Целта на овој Посебен извештај е да обезбеди целосна и објективна анализа на сите релевантни аспекти и активности поврзани со изборниот процес. Во него посебно внимание е посветено на потенцијалните случаи на корупција, судири на интереси и други нерегуларности кои би можеле да го нарушат интегритетот на изборниот процес. Со ова, сакаме да придонесеме кон транспарентноста и фер игра во нашиот демократски систем и да обезбедиме дека гласот на секој граѓанин е почитуван и заштитен.

Посебниот извештај кој го презентираме пред вас е резултат на нашето темелно истражување и мониторинг на парламентарните избори во 2024 година. Целта на овој извештај е да ги идентификува сите потенцијални предизвици и слабости кои би можеле да го нарушат легитимитетот на изборите, како и да предложиме конкретни мерки и препораки за нивно надминување. Овие мерки се насочени кон обезбедување на транспарентност, отчетност и еднаквост во целиот изборен процес, што е од суштинско значење за одржување на демократските стандарди и зајакнување на довербата на граѓаните во институциите кои го спроведуваат и мониторираат изборниот процес.

Со доставувањето на овој Посебен извештај, Државната комисија за спречување на корупцијата ја исполнува својата обврска за редовно и објективно информирање на Собранието и јавноста за состојбите и напредокот во сферата на спречување на корупција и унапредување на изборниот процес.

Очекуваме дека нашите наоди и препораки ќе придонесат за унапредување на изборниот процес и ќе помогнат во создавање на праведна и транспарентна изборна средина, што е клучно за зајакнување на довербата на граѓаните во нашите институции.

Со почит,

Претседател
Татјана Димитровска

# РЕЗИМЕ

Посебниот извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за Избор на пратеници  во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година, изготвен од Државната комисија за спречување на корупција, претставува сеопфатен преглед на финансиските аспекти на изборниот процес. Во извештајот особено внимание е посветено на приходите, расходите и правната рамка поврзана со финансирањето на изборната кампања.

Овој документ обезбедува детална анализа на финансиските текови, идентификувани слабости и предлог мерки за подобрување на транспарентноста и ефикасноста на изборните активности. Истовремено, извештајот се фокусира и на зајакнување на улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во борбата против корупцијата во изборниот процес, преку ефикасно постапување по предметите и имплементација на мерки за зголемување на транспарентноста и отчетноста пред граѓаните.

Државната комисија за спречување на корупцијата постигна значителен успех во борбата против корупцијата, покажувајќи ефикасност и решителност во справувањето со случаи на неправилности поврзани со изборната кампања. Во извештајот се наведени конкретни случаи кои беа процесуирани, што резултираше со изрекување на соодветни санкции и преземање мерки против одговорните лица .

Преку своите активности, Државната комисија за спречување на корупцијата ја зајакна својата улога како надзорен орган, значително придонесувајќи за зголемување на довербата на граѓаните во  изборниот процес. Секоја постапка беше спроведена транспарентно, обезбедувајќи поголема отчетност и одговорност од страна на политичките актери. Ова го истакнува напредокот на Државната комисија за спречување на корупцијата во создавање на фер и интегритетен изборен процес со намалување на ризиците од коруптивни активности.

Извештајот укажува на  бројни недостатоци во правната и административната рамка што го уредуваат изборниот процес и финансирањето на изборните кампањи во Република Северна Македонија. И покрај постоење на законска регулатива, значителни проблеми во имплементацијата созда-

ваат ризик за корупција, особено поради несоодветната примена на законските одредби, што води кон зголемен ризик од злоупотреба на средствата. Административните процедури, како што е пријавувањето на донации и трошоци од страна на политичките партии, се оценети како премногу комплексни и неефикасни, што доведува до зголемени административни трошоци и одложувања. Неопходна е реформа на овие процеси за постигнување поголема ефикасност и намалување на можностите за корупција.

Извештајот исто така посочува на потребата од зајакнување на системите за мониторинг и надзор за обезбедување поголема транспарентност и отчетност во финансирањето на изборните кампањи. Финансиското управување останува сериозен предизвик, но успехот на ДКСК во борбата против корупцијата и справувањето со неправилностите е видлив и значителен и покрај сите предизвици.

Државната комисија за спречување на корупцијата препорачува воведување нови механизми за следење на приходите и расходите, како и реорганизација на административните процеси за поефикасно управување со ресурсите и намалување на можностите за корупција.

Овој извештај е значаен документ кој нуди јасна слика за состојбата на финансирањето на изборната кампања на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во 2024 година. Преку детална анализа на приходите, расходите и правната рамка, извештајот ја нагласува потребата од реформи и подобрувања кои ќе обезбедат фер и транспарентен изборен процес во иднина.

# ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

## Парламентарни избори 2024

**ПОЧЕТОК НА ИЗБОРНА КАМПАЊА**

**18.04.2024**

**УЧЕСНИЦИ ВО ИЗБОРНА КАМПАЊА**

**17**

**ДЕН НА ГЛАСАЊЕ**

**08.05.2024**

**ВКУПЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

**31.07.2024**

# 1. ВОВЕД

Секој изборен циклус претставува значителен предизвик во управувањето со јавните ресурси и активностите на државните институции. За да се спречи корупцијата и злоупотребата на јавните средства, клучно е да се примени ефективен надзор и строго да се почитуваат законските ограничувања. Во оваа насока, ДКСК има централна улога во обезбедувањето на законитост, објективност и транспарентност на сите активности кои се одвиваат за време на изборниот период.

Изборната кампања е процес кој директно влијае на трошење на средства од страна на учесниците во изборната кампања и го создава јавното мислење за определен кандидат кај електоратот. Затоа, законитоста на изворите на средствата за финансирање на кампањата и законитоста на нивното трошење се фундаментален предуслов за фер политички натпревар меѓу учесниците во изборната кампања.

ДКСК согласно своите надлежности уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, активно се ангажираше во превенцијата и спречувањето на корупцијата за време на изборниот процес за изборот на пратеници во Собранието на  Република Северна Македонија 2024.

Преку мониторирање на финансиското работење на учесниците во изборната кампања, ДКСК презема мерки за превенција од корупција. Во Глава IV — Спречување на корупцијата во политиката од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се уредени постапките и мерките што ги презема ДКСК за да се спречат злоупотребите поврзани со финансирањето на изборната кампања, управувањето со јавните добра и средствата за време на изборниот процес. Овие активности започнуваат од моментот на распишување на изборите па сè до нивното завршување.

ДКСК, во рамки на своите законски надлежности воспостави соработка со Државната изборна комисија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи, како и со други државни органи и институции. Оваа соработка е со цел обезбедување на податоци и воспоставување на евиденции за сите регистрирани учесници во изборната кампања. Обе-

збедените податоци се користат во постапувањето во предметите од надлежност на Комисијата. Со објавувањето на соопштенија и укажувања за законските ограничувања кои се однесуваат на сите државни органи и институции за време на изборниот процес, ДКСК ги информира сите релевантни субјекти за законските обврски и ограничувања, со цел да се спречат потенцијални злоупотреби и коруптивни дејствија.

Преку овие активности, ДКСК обезбедува дека изборниот процес се одвива транспарентно и законито, спречувајќи секакви форми на корупција и злоупотреба на јавните средства и добра.

За да постигне највисок квалитет ДКСК соработуваше и доби поддршка од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), Здружението за истражување и анализи ЗМАИ, како дел од активностите во рамките на проектот „Мониторинг на можната злоупотреба на државните ресурси за време на изборите“ со поддршка од Националниот демократски институт (НДИ) и Националната фондација за демократија (НЕД) од САД. Нивниот придонес и експертиза беа од особена важност за успешната изработка на овој извештај, за што искажуваме особена благодарност..

Од клучно значење е придонесот на ДКСК во превенција и спречување на корупцијата на изборните процес, преку инвестирање во системи и процеси кои го штитат интегритетот на институциите, обезбедуваат одговорно користење на јавните средства и промовираат веродостојно и транспарентно известување.

# 2. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Парламентарните избори во Република Северна Македонија се регулирани со повеќе законски и подзаконски акти, вклучувајќи го Уставот на Република Северна Македонија, Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, како и подзаконски акти на Државната изборна комисија.

Надлежностите и постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата се уредени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Овој закон ја уредува одговорноста на Државната комисија во делот на спречување на корупцијата во политиката, што вклучува следење, проверка и обелоденување на неправилностите, како и преземање на мерки против одговорните лица во случај на незаконско користење на буџетски или општински средства за финансирање на изборната кампања или ако финансирањето потекнува од недозволени или анонимни извори.

Дополнително, Државната комисија за спречување на корупцијата има обврска да ги следи и правилата утврдени во Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии. Овие закони го уредуваат начинот на постапување на државните и општинските институции во изборниот период, правилата за финансирање на учесниците во изборните кампањи, начинот на водење на изборните кампањи, транспарентноста, отчетноста и финансирањето на политичките партии.

На ден 7 март 2024 година, по распишувањето на изборите, Изборниот законик беше изменет со нови одредби. Иако овие измени беа поддржани од владејачките и опозициските партии, истите беа усвоени во скратена постапка што не овозможи соодветна јавна дебата. Измените ги укинаа условите за поседување важечки документ за лична идентификација за задржување на местото во избирачкиот список, ја изменија формулата за утврдување на бројот на потписи за поддршка на кандидатите, ја зајакнаа заштитата на податоците за регистрација на гласачите и воведоа рокови за решавање на изборните спорови. Дополнително, овие измени овозможија користење на одредени лични документи со истечен рок на денот на из-

борите и го прецизираа редоследот на кандидатите на парламентарното гласачко ливче.

Кога законските измени се носат без соодветна јавна расправа и со одлагање може да предизвика несигурност во изборниот процес и да влијае на правната сигурност. Пратениците во Собранието на Република Северна Македонија се избираат според пропорционалниот модел, при што целата територија на Република Северна Македонија е поделена на шест изборни единици и во секоја се избираат по 20 пратеници и 3 пратеници се избираат според пропорционалниот модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија и Азија за мандатен приод од четири години. Законот предвидува дека изборните единици треба да имаат приближно еднаков број на регистрирани гласачи, со дозволена отстапка до пет проценти од просечниот број на гласачи по изборна единица. Промените на границите на изборните единици можат да се направат само со измена на Изборниот законик, а пред овие избори не беше спроведена проценка на еднаквоста на гласовите меѓу изборните единици.

Овие законски рамки ја дефинираат структурата и правната основа за спроведување на изборите, но континуираните измени и недостатокот на јавна дебата околу нив можат да влијаат врз легитимноста и стабилноста на изборниот процес.

# 3. НАДЛЕЖНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

Државната комисија за спречување на корупцијата има значајна улога во осигурување на законитост и транспарентност на изборниот процес. Согласно одредбите од член 32, член 33 и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, ДКСК презема мерки и активности за контрола на законитоста во финансирањето на изборната кампања и управувањето со јавните средства.

ДКСК презема превентивни мерки преку јасно информирање на државните органи и институциите за законските ограничувања (забрани) што важат за време на изборниот процес. Оваа активност помага да се осигура дека институциите ќе постапуваат во согласност со законските норми.

ДКСК проактивно го следи изборниот процес, преку организирање на своите расположливи ресурси за следење и надгледување на законитоста на изборниот процес и управувањето со јавните средства. Кога постои основано сомневање за прекршување на законските одредби, ДКСК ги испитува сомневањата, отвара предмети, постапува по истите, известувајќи ги надлежните органи, со иницијативи за преземање на соодветни мерки.

ДКСК ефикасно ги организира своите ресурси за следење на законитоста во сите фази на изборниот процес. Оваа активност вклучува контрола на финансирањето на изборната кампања, спречување на злоупотреба на буџетските средства, забрана за нови инвестиции и вонредни исплати, како и спречување на користење на незаконити извори на финансирање. ДКСК работи континуирано на откривање злоупотреби и прекршувања, што е од суштинско значење за зачувување на интегритетот на изборниот процес.

Превентивните активности на ДКСК, вклучуваат и објавување на соопштенија за законските ограничувања кои се однесуваат на изборниот процес. Овие активности имаат важна улога во информирањето на државните ор-

гани и институции намалувајќи гиможностите за прекршување на законските одредби и зголемувајќи ја свеста за обврските на одговорните лица.

ДКСК, постапува по пријавите за можни изборни нерегуларности, при што се забалежува дека значителен број на пријави се поднесени од познати подносители, што укажува на важноста од понатамошно поттикнување на јавноста да пријавува неправилности.

Од големо значење за ДКСК е дека по поднесените иницијативи по одлуките, надлежните институции преземаат конкретни дејствија, што вклучува истраги, санкции или други правни и управувачки мерки.

Поради правните празнини во законската регулатива, ДКСК се соочува со ограничувања во своето постапување, како што е случајот со отсуство на прекршочни санкции за недоставување на податоци од страна на државните институции, што укажува на потребата од измени на законот, за да се овозможи поефикасно управување со постапките и санкциите.

Објавувањето на информации за институции кои не доставиле податоци и транспарентноста на постапувањето на ДКСК се клучни за градење на јавната доверба, што придонесува за промовирање на отчетност и поддршка на напорите на ДКСК за спречување на злоупотреби.

ДКСК игра клучна улога во спречувањето на корупција и злоупотреба на јавните ресурси за време на изборите. Превентивните мерки, активното следење и проактивната реакција на сомневања се основа на нејзината стратегија за осигурување на законитост и транспарентност во изборниот процес. Проактивното управување со ризиците и прекршувањата се клучни за одржување на интегритетот на изборниот процес.

Опфат на анализа на ДКСК:

- **анализа на видовите извори на финансирање** - оценување на легитимноста и транспарентноста на изворите на финансирање на политичките партии, со цел да се утврди дали средствата се добиени согласно законските прописи;
- **проверка на висината на донациите** - контрола на износи на донациите, со посебен акцент на нивната усогласеност со законските ограничувања и на евентуални ризици од корупција;

- **надзор на финансирањето со буџетски средства** - испитување на употребата на буџетските средства за време на изборната кампања, со цел да се утврди дали тие се рационално и законски искористени;
- **контрола на трошоците за време на изборната кампања** - проверка на вкупните трошоци направени за време на изборната кампања и нивната усогласеност со предвидените законски ограничувања;
- **оценка на транспарентноста на користење на финансиските средства** - надзор на јавното објавување на примени донации и идентитетот на донаторите, како и известување за вкупните средства кои ги примиле и потрошиле учесниците во изборната кампања, со цел да се обезбеди јавна отчетност;
- проверка на законските рокови за изготвување и доставување на **финансиските извештаи,** односно следење на тоа дали финансиските извештаи за приходите и расходите на сметката на изборната кампања се изготвени во согласност со законските рокови и пропишаните обрасци, како и нивно доставување до надлежните институции и
- објавување на финансиските извештаи на веб-страниците на надлежните институции - контрола на тоа дали финансиските извештаи се јавно објавени на веб-страниците на надлежните институции, со цел да се промовира транспарентност и да се намали можноста за корупција.

Во секој изборен процес активности на учесниците во изборниот процес се да се регистрираат како правен субјект кај надлежните органи, регистрирање на трансакциски сметки, рокови за отворање и затварање на истите и законскиот основ за прикажување на приходи и расходи.

Ваквиот пристап е клучен за обезбедување на интегритет, отчетност и транспарентност во финансирањето на изборните кампањи, со што се придонесува за минимизирање на ризиците од корупција и злоупотреба на јавните средства.

## 3.1. Активности пред започнување на изборна кампања

Во рамките на своите превентивни мерки, ДКСК има воспоставено пракса на објавување на **соопштение** на својата веб-страница, во кои ги појаснува законските ограничувања за сите државни органи и институции за време на изборниот процес. Во овие соопштенија се наведуваат забраните предвидени со член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, како и член 34 и член 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Соопштението потенцира дека ДКСК ќе го надгледува целиот изборен процес и во случај на основано сомневање за прекршување на законот, ќе ги испитува тие сомневања и ќе ги информира надлежните органи, барајќи преземање соодветни мерки во рамките на нивните овластувања. Дополнително, се нагласува дека почитувањето на овие законски ограничувања е обврска на одговорните лица во државните органи и други субјекти. Во случај на утврдени прекршувања и злоупотреби, ДКСК ќе преземе мерки и активности согласно законските одредби.

## 3.2. Активности за време на изборната кампања

Во текот на секој изборен циклус, државните органи, институции, тела како од централно така и од локално ниво,редовно упатуваа **барања до ДКСК за добивање мислење** во врска со одлуки кои се однесуваат на постапки за вработување и унапредување, водење на дисциплински постапки, започнување на изградба на објекти, отуѓување на имот и слични активности. Овие барања се значајни во контекст на ограничувањата предвидени со член 8-а од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСК кои се применуваат за време на изборниот период.

За време на изборната кампања за парламентарните избори, ДКСК постојано ги нагласуваше обврските на одговорните лица на институциите да ги почитуваат ограничувањата и забраните за време на изборниот период. Во овој период ДКСК прими 291 барање за мислење. За да се осигура дека законите се применуваат правилно и ефективно во пракса, оваа состојба наметна потреба од внимателно следење на овие активности од страна на ДКСК. Целта беше да се намали ризикот од коруптивните активностии да се спречат прекршувањата на законските ограничувања во однос на примената на забраните.

**ПРЕГЛЕД НА ТИПОТ НА ДОБИЕНИ БАРАЊА ЗА МИСЛЕЊА ДО ДКСК**




Извршивме анализа и идентификација на проблематични области, при што констатиравме дека најголем број од барањата се однесуваат на вработувања, унапредувања, дисциплински постапки и други одлуки поврзани со управувањето со човечките ресурси, што укажа на потребата од посебно внимание во оваа област.

Потребата на институциите да доставуваат барање за мислење до ДКСК за прашања поврзани со забрани за вработување во изборен период, иако постојат законски забрани, може да се објасни со неколку причини. Имено, институциите бараат мислење од ДКСК за да се осигураат дека нивните постапки се во согласност со законските одредби. Иако законите ги уредуваат забраните, сепак оставаат простор за различни толкувања, особено кога се работи за специфични прашања од областа на вработувањата. Добиеното мислење од ДКСК институциите го бараат со цел да обезбедат легитимитет на нивните постапувања, намалувајќи го ризикот од постапувањето.

Државната комисија за спречување на корупција доби голем број барања за мислење од различни институции и физички лица, со цел да се обезбедат усогласеност со законските прописи и да спречат евентуални коруптивни дејствија. Од аспект на превенција и спречување на корупцијата, особено е значајно кои типови на институции и физички лица се јавуваат како баратели на овие мислења.

Најчести баратели на мислење се министерствата, општините, училиштата и здравствените институции. Овие институции често се наоѓаат во ситуации каде што е потребно да донесат одлуки кои можат да имаат влијание

врз изборниот процес, па затоа бараат мислење од ДКСК за да избегнат можни злоупотреби и коруптивни практики.

Оваа воспоставена пракса на барање мислење од страна на ДКСК ја нагласува важноста на соработката меѓу различните општествени чинители за обезбедување на фер и чесни избори и за минимизирање на можностите за корупција во сите фази на изборниот процес.

**СТРУКТУРА НА БАРАЊА ПО ИНСТИТУЦИИ**




Согласно со член 8-б, став 2 од Изборниот законик, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица кои располагаат со државен капитал, имаат обврска во рок од десет дена од донесувањето на одлуката за распишување на избори да достават податоци до ДКСК за бројот, видот, регистарските таблици и состојбата на **службените моторни возила** со кои располагаат.

Согласно член 8-б, став 5 од Изборниот законик, доколку субјектите не ги достават бараните податоци, ДКСК е должна да покрене прекршочна постапка во рок од 15 дена по истекот на рокот за доставување на податоците. Меѓутоа, поради правна празнина во Изборниот законик, каде што не се предвидени прекршочни санкции, ДКСК нема можност да покрене прекршочни постапки по овој основ. Имајќи ја во предвид состојбата на постоење на отсуство на нормативно решение за санкционирање, ДКСК во насока на превенција од злоупотреба на службените возила за потребите

на изборната кампања, достави известување до Министерство за внатрешни работи со барање за обезбедување на податоци за сите службени возила кои ги користат државните институции. Министерство за внатрешни работи достави одговор на барањето, со што обезбеди податоци за 1.557 институции. Исто така, ДКСК достави  известувања до органите кои именуваат и избираат раководни лица и тоа до Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Заедница на единиците на локална самоуправа на Република северна Македонија (ЗЕЛС) со податоци за оние институции кои ги немаат доставено потребните податоци.

Поради тоа што мал број институции и државни органи одговорија на барањето за ажурирање на податоците од Регистарот на возила, Комисијата јавно ги објави сите институции кои не доставија информации до законскиот рок[1].

**ДОСТАВЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА**




Анализата на податоците за службените возила од страна на институциите покажуваат сериозни проблеми кои може да укажат на потенцијални корутивни ризици и недостаток на транспарентност. Од вкупно 1.557 институции, само 402 институции навремено ги доставиле потребните информации. Овој процент е алармантно низок и укажува на можни системски проблеми во однос на отчетноста и усогласеноста со законските обврски.

Понатаму, 329 институции доставиле податоци, но надвор од предвидените рокови. Ова одложување може да биде знак за недоволна дисциплина и свесност за значењето на транспарентноста, но може и да индицира на-

1 https://dksk.mk/wp-content/uploads/2024/04/Copy-of-Vozila-za-objava-na-WEB-3.pdf

мерно одолговлекување за да се прикријат евентуални неправилности во користењето на службените возила.

Најзагрижувачки е фактот дека 826 институции воопшто не доставиле информации, од кои 10 се министерства. Ова претставува сериозен недостаток во исполнувањето на законските обврски и може да укаже на свесно прикривање на информации за избегнување на надзор. Недоставувањето на податоци од страна на голем број институции, вклучително и министерства, е особено проблематично бидејќи овие институции управуваат со значителни ресурси и јавни средства, што може да укаже на потенцијални злоупотреби, каде што службените возила се користат за лични или партиски цели, наместо за потреби на институцијата.

Од аспект на превенција, оваа ситуација бара итна реакција. Потребно е да се зајакнат механизмите за надзор и контрола, како и да се воведат построги санкции за институциите кои не ги исполнуваат своите обврски во однос на доставување на информации. Исто така, треба да се разгледа можноста за автоматизирање на процесите за поднесување и обработка на овие податоци.

Зголемувањето на транспарентноста и отчетноста во оваа област е клучно за спречување на корупцијата и зајакнување на довербата на јавноста во институциите. Затоа, Државната комисија за спречување на корупција и другите надлежни органи треба да преземат мерки за зголемување на свесноста и дисциплината кај институциите во исполнувањето на законските обврски и за обезбедување на целосна транспарентност во користењето на јавните ресурси.

# 4. ПОДАТОЦИ ОД ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 4.1. Приходи

ДКСК активно се ангажира на превенција и спречување на корупцијата во финансирањето на изборните кампањи, особено следејќи го процесот на обезбедување и употреба на средствата. Согласно член 83 од Изборниот законик, финансирањето на изборната кампања може да се реализира преку различни извори, вклучувајќи средства од редовната сметка на политичките партии, членарини, донации од физички и правни лица, како и кредити за кампања.

Во рамките на своите надлежности ДКСК има клучна улога во обезбедувањето на транспарентноста и законитоста на овие извори на финансирање. Комисијата презема активности за проверка на усогласеноста на донациите со законските ограничувања, како и за спречување на потенцијални злоупотреби.

Во врска со исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) во делот на објавувањето на платено политичко рекламирање, средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, а се исплаќаат од страна на ДИК.

ДКСК го следи процесот на распределба на овие средства, преку анализа на точноста на податоците искажани во финансиските извештаи, кои се објавуваат на интернет страницата на ДИК. Особено внимание се посветува на платеното политичко рекламирање, финансирано од Буџетот, како форма на поддршка за медиумската презентација на кандидатите. ДКСК ја надгледува транспарентноста на овие активности и осигурува дека не доаѓа до злоупотреби или непочитување на законските одредби.

Од извршената анализа на вкупните извори на финансирање на изборната кампања, констатирано е дека истата е финансирана со средства во вкупен

износ од 385.022.129 денари, а структурата на изворите на финансирање, е прикажана во следниот графикон:

## Структура на приходи по извори на финансирање

**63,57%**
Платено политичко рекламирање
**244.756.444 денари**

**19,73%**
Вкупен износ на други приходи пренесени од основната сметка
**75.979.798 денари**

**13,30%**
Донации од физички лица пренесени од сметката за редовно работење
**51.209.059 денари**

**2,30%**
Донации од физички лица
**8.852.253 денари**

**0,22%**
Донации во ствари
**839.775 денари**

**0,31%**
Донации од правни лица
**1.204.125 денари**

**0,57%**
Донации од правни лица пренесени од сметката за редовно работење
**2.180.675 денари**

**ВКУПНО ПРИХОДИ**
**385.022.129 денари**

Структурата на изворите на финансирање по учесник во изборна кампања одделно е прикажана во следната табела:

| | ДОНАЦИИ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учесник во изборна кампања | Од физички лица | Од правни лица | Во ствари | Од физички лица- редовно работење | Од правни лица- редовно работење | Други приходи од основната сметка | Платено политичко рекламирање | ВКУПНО |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 7.326.726,00 | 0,00 | 129.150,00 | 2.739.731,00 | 2,00 | 25.843.816,00 | 62.121.478,00 | 98.160.903,00 |
| КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 622.625,00 | 48.169.328,00 | 335.000,00 | 26.798.531,00 | 67.328.421,00 | 143.253.905,00 |
| КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | 813.327,00 | 604.125,00 | 0,00 | 0,00 | 1.673,00 | 0,00 | 7.319.361,00 | 8.738.486,00 |
| КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | 0,00 | 0,00 | 82.000,00 | 0,00 | 0,00 | 10.645.942,00 | 48.117.626,00 | 58.845.568,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | 36.800,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6.562.000,00 | 9.154.057,00 | 15.752.857,00 |
| КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | 675.400,00 | 600.000,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 2.492.250,00 | 45.463.557,00 | 49.531.207,00 |
| ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 500.000,00 | 0,00 | 608.836,00 | 1.108.836,00 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.245.927,00 | 753.933,00 | 2.999.860,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 353.808,00 | 353.808,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 448.854,00 | 448.854,00 |
| ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 564.957,00 | 564.957,00 |
| МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 468.211,00 | 468.211,00 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 800.000,00 | 269.025,00 | 1.069.025,00 |
| РОДИНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 585.152,00 | 579.114,00 | 1.164.266,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.344.000,00 | 6.180,00 | 645.786,00 | 1.995.966,00 |
| РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 6.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 559.420,00 | 565.420,00 |
| Вкупно: | 8.852.253,00 | 1.204.125,00 | 839.775,00 | 51.209.059,00 | 2.180.675,00 | 75.979.798,00 | 244.756.444,00 | 385.022.129,00 |

Од анализата на приходите по видови на извори на финансирање утврдивме дека изборната кампања е финансирана со 64% од средствата обезбедени од Буџетот, додека 36% се средства обезбедени од други извори на финансирање.

### 4.1.1. Приходи за платено политичко рекламирање

Висината на вкупните средствата кои се обезбедуваат од Буџетот на државата за платеното политичко рекламирање и нивната распределба по одделните учесници во изборната кампања, е утврдена со одредбите на член 76-д став 5 од Изборниот законик, согласно кои средствата за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот во текот на изборниот процес не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија.

Во однос на критериумите кои се применуваат при распределба на овие средства по одделните учесници во изборната кампања, утврдена е распределба на вкупните средства по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати.

Распределбата на средства за платено политичко рекламирање во вкупен износ од 244.756.444 денари, согласно податоците искажани во вкупните финансиски извештаи е прикажана на следниот графикон:

### РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ




Распределбата на средствата за платено политичко рекламирање во рамки на секоја коалиција се врши врз основа на претходно склучени писмени договори, согласно член 76-д став 5 од Изборниот законик. Согласно доставените договори до Државната изборна комисија, вкупниот договорен износ за платено политичко рекламирање на сите учесници во изборната кампања изнесува 223.891.020 денари, што укажува дека расходите по овој основ искажани во вкупните финансиски извештаи се повисоки за 20.865.424 денари од утврдените договорни износи.

Согласно член 76-д точка 3 Државната изборна комисија трошоците за објавеното платено политичко рекламирање ги исплаќа врз основа на доставена фактура од страна на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати. Прилог на доставената фактура е Договорот, медиа план од Учесникот во изборната кампања и Извештај за реализирани услуги изготвен од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали).

Доколку Државната изборна комисија при спроведување на контрола на целокупната документација утврди недостатоци, непостапувања, неусогласености или нецелосна поткрепувачка  документација од страна на учесниците во изборната кампања, ќе предизвика неможност од надоместување на утврдената разлика, поради што дел од расходите кон радиодифузерите, печатените медиуми и електронски медиуми (портали) ќе останат ненаплатени.

Истакнуваме дека Државната изборна комисија во законски утврдениот рок, ги нема подмирено своите обврски во целост, односно заклучно со 23.08.2024 година има исплатено средства во износ од 7.824.013 денари што претставува само 3% од вкупната обврска за платено политичко рекламирање.

Причината за одложувањето е недостигот на буџетски средства, кои средства биле пренаменети за друг државен орган.

Доцнењето во исплатата може да може да предизвика значајни последици и тоа:

- непочитувањето на законските рокови може да ја наруши довербата на политичките субјекти и медиумите во транспарентноста и ефективноста на изборниот процес и
- ваквата ситуација ја истакнува потребата за подобро планирање и управување со финансиските средства од страна на државните институции, со цел да се избегнат вакви пропусти во иднина.

Распределбата на вкупно средства за платено политичко рекламирање по критериуми одделно по учесници во изборната кампања е прикажана на следниот графикон:

## ПЛАТЕНО ПОЛИТИЧКО РЕКЛАМИРАЊЕ

За двете најголеми политички партии кои на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ кои освоиле најмногу гласови - **45%**

Искористени се **45,04%** од вкупните средства на сметките на учесниците во изборна кампања во износ од **110.239.104,00** денари

| | | |
|---|---|---|
| **КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА** | 62.121.478,00 | 25,38% |
| **КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ** | 48.117.626,00 | 19,66% |

За двете најголеми политички партии кои на последните избори за пратеници во Собранието на РСМ освоиле најмногу гласови - **45%**

Искористени се **46,08%** од вкупните средства на сметките на учесниците во изборна кампања во износ од **112.791.978,00** денари

| | | |
|---|---|---|
| **КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА** | 67.328.421,00 | 27,51% |
| **КОАЛИЦИЈА ВЛЕН** | 45.463.557,00 | 18,58% |

За политичките партии во Собранието на РСМ кои на последните избори не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група - **7%**

Искористени се **6,73%** од вкупните средства на сметките на учесниците во изборна кампања во износ од **16.473.418,00** денари

| | | |
|---|---|---|
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА** | 9.154.057,00 | 3,74% |
| **КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА** | 7.319.361,00 | 2,99% |

За политичките партии кои не се застапени во Собранието на РСМ или кандидати - **3%**

Искористени се **2,15%** од вкупните средства на сметките на учесниците во изборна кампања во износ од **5.251.944,00** денари

| | | |
|---|---|---|
| **ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ** | 608.836,00 | 0,25% |
| **ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА** | 753.933,00 | 0,31% |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА** | 353.808,00 | 0,14% |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА** | 448.854,00 | 0,18% |
| **ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ** | 564.957,00 | 0,23% |
| **МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА** | 468.211,00 | 0,19% |
| **ТВОЈА ПАРТИЈА** | 269.025,00 | 0,11% |
| **РОДИНА МАКЕДОНИЈА** | 579.114,00 | 0,24% |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА** | 0,00 | 0,00% |
| **ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ** | 645.786,00 | 0,26% |
| **РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА** | 559.420,00 | 0,23% |

### 4.1.2. Други приходи

Покрај јавното финансирање од Буџетот, изборната кампања се финансира и од други извори на финансирање и тоа по основ на: приходи од пренос на средства од сметката за редовно работење на политичката партија, приходи од донации пренесени од сметката за редовно работење на политичките партии и од донации од правни и физички лица, донации во ствари и услуги на сметката за изборната кампања. Приходите остварени по овие основи се во вкупен износ од 140.265.685 илјади денари.

Во табелата прикажана е структурата на други приходи остварени на сметките на учесниците во изборната кампања по горенаведените основи.

## ДРУГИ ПРИХОДИ

| | ДОНАЦИИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учесник во изборна кампања | Од физички лица | Донации од правни лица | Во ствари | Од физички лица- редовно работење | Од правни лица- редовно работење | Други приходи од основната сметка | ВКУПНО |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 7.326.726,00 | 0,00 | 129.150,00 | 2.739.731,00 | 2,00 | 25.843.816,00 | 36.039.425,00 |
| КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 622.625,00 | 48.169.328,00 | 335.000,00 | 26.798.531,00 | 75.925.484,00 |
| КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | 813.327,00 | 604.125,00 | 0,00 | 0,00 | 1.673,00 | 0,00 | 1.419.125,00 |
| КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | 0,00 | 0,00 | 82.000,00 | 0,00 | 0,00 | 10.645.942,00 | 10.727.942,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | 36.800,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6.562.000,00 | 6.598.800,00 |
| КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | 675.400,00 | 600.000,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 | 2.492.250,00 | 4.067.650,00 |
| ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 500.000,00 | 0,00 | 500.000,00 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.245.927,00 | 2.245.927,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 800.000,00 | 800.000,00 |
| РОДИНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 585.152,00 | 585.152,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.344.000,00 | 6.180,00 | 1.350.180,00 |
| РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 6.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6.000,00 |
| Вкупно: | 8.852.253,00 | 1.204.125,00 | 839.775,00 | 51.209.059,00 | 2.180.675,00 | 75.979.798,00 | 140.265.685,00 |

Преносот на средства од редовната сметка на политичките партии претставуваат често употребуван извор на финансирање на изборни кампањи. Оваа пракса е особено значајна во насока на обезбедување финансиска стабилност и континуитет на политичките активности. Важно е да се нагласи дека некои од кандидатите ги користат уплатите од донациите од физички лица или средствата од редовното финансирање на политичките партии, како основа за пренос на средства.

Најголем пренос по основ на примени донации од физички лица има Коалицијата Твоја Македонија во износ од 48.169.328 денари, додека преносот на средства од сметките за редовно финансирање на политичките партии има кај Коалициите Твоја Македонија во износ од 26.798.531 денари, кај Коалицијата Европска иднина во износ од 25.843.816 денари и кај Коалицијата Европски фронт во износ од 10.645.942 денари.

По основ на пренос на приходи од сметките за редовно работење на политичките партии има кај Коалициите Твоја Македонија во износ од 26.798.531 денари, кај Коалицијата Европска иднина во износ од 25.843.816 денари и кај Коалицијата Европски фронт во износ од 10.645.942 денари.

Физичките лица имаат право да уплатат донации во висина од 3.000 евра во денарска противвредност. Овој лимит на донации е почитуван кај сите кандидати.

При споредба на начинот на собирање на донации од страна на учесниците, се забележува дека некои учесници преферираат донациите да се уплатуваат на трансакциската сметка на политичките партии, додека други ги собираат донациите директно на сметката за изборната кампања. Утврдивме дека донациите се директно уплатени на сметката наменета за изборната кампања кај .

Највисок износ на уплатени донации од физички лица има Коалицијата за Европска иднина  собирајќи 7.326.726 денари, Коалицијата Храбро за Македонија  добла донации во износ од 813.327 денари, Коалицијата Влен 675.400 денари, додека Политичката партија Левица собрала 368.000 денари. Останатите 13 учесници немаат собрано донации  од физички лица.

Иако правните лица имаат законска можност да донираат до 30.000 евра во денарска противвредност, не се забележани високи износи на донации, а  бројот на правни лица кои донирале парични средства е мал.

## 4.2. Расходи

Расходите во изборна кампања ги опфаќаат сите рекламни средства што се користат за време на изборната кампања со цел да се промовираат програмата и идеите на учесникот на изборите. Согласно одредбите на член 84 од Изборниот законик, учесникот на изборите може да потроши најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица или општината за која има поднесено листа на кандидати за сите кругови од изборите.

Расходите реализирани по наведените основи се искажани во вкупен износ од 385.677.489 денари.

Во графиконот прикажана е структурата на расходи реализирани на сметките на учесниците во изборната кампања:



Структурата на расходите по учесник во изборна кампања одделно е прикажана во следната табела:

| | РАСХОДИ ЗА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Учесник во изборна кампања** | **Транспортни услуги** | **Реклама и пропаганда** | **Одржување на предизборни собири** | **Платено политичко рекламирање** | **Вратени средства на редовна сметка** | **Други расходи** | **ВКУПНО** |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 4.003.670,00 | 27.273.103,00 | 1.138.700,00 | 62.121.478,00 | 0,00 | 3.623.952,00 | 98.160.903,00 |
| КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА | 3.850.000,00 | 59.131.639,00 | 9.705.531,00 | 67.328.421,00 | 0,00 | 3.238.314,00 | 143.253.905,00 |
| КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 1.256.001,00 | 87.508,00 | 7.319.361,00 | 0,00 | 75.616,00 | 8.738.486,00 |
| КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | 0,00 | 9.513.136,00 | 124.102,00 | 48.117.626,00 | 0,00 | 1.090.704,00 | 58.845.568,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | 141.889,00 | 4.528.560,00 | 122.227,00 | 9.154.057,00 | 0,00 | 1.806.124,00 | 15.752.857,00 |
| КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | 115.500,00 | 3.966.131,00 | 600.000,00 | 45.463.557,00 | 0,00 | 41.379,00 | 50.186.567,00 |
| ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ | 0,00 | 499.023,00 | 0,00 | 608.836,00 | 0,00 | 977,00 | 1.108.836,00 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 24.736,00 | 1.967.111,00 | 0,00 | 753.933,00 | 0,00 | 254.080,00 | 2.999.860,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 353.808,00 | 0,00 | 0,00 | 353.808,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 448.854,00 | 0,00 | 0,00 | 448.854,00 |
| ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 564.957,00 | 0,00 | 0,00 | 564.957,00 |
| МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 468.211,00 | 0,00 | 0,00 | 468.211,00 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 269.025,00 | 643.700,00 | 156.300,00 | 1.069.025,00 |
| РОДИНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 548.752,00 | 0,00 | 579.114,00 | 0,00 | 36.400,00 | 1.164.266,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | 18.606,00 | 1.304.935,00 | 0,00 | 645.786,00 | 0,00 | 26.639,00 | 1.995.966,00 |
| РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 0,00 | 6.000,00 | 0,00 | 559.420,00 | 0,00 | 0,00 | 565.420,00 |
| **Вкупно:** | **8.154.401,00** | **109.994.391,00** | **11.778.068,00** | **244.756.444,00** | **643.700,00** | **10.350.485,00** | **385.677.489,00** |

Анализата што ја изврши ДКСК на расходите прикажани во вкупните финансиски извештаи на учесниците во кампањата и податоците од доставените изводи од деловните банки, покажа задоволителни резултати, освен кај Коалицијата Твоја партија, каде нема прикажано расходи во износ од 658.998 денари, кои согласно доставените изводи од деловната банка се платени со асигнација, поради што и прикажаните приходи од пренос на средства од редовната сметка на политичката партија се помали за наведениот износ.

### 4.2.1. Расходи за платено политичко рекламирање

Извршивме анализа на средствата за платено политичко рекламирање, кои ги опфаќаат расходите на радиодифузерите, електронските медиуми (интернет портали) и печатени медиуми и истите за секој учесник во изборната кампања одделно и се претставени во графиконот подолу.

Согласно член 76-д став 6 од Изборниот законик, максималната сума што може да се исплати на еден електронски медиум (интернет портал) или печатен медиум од страна на еден учесник во изборниот процес не може да надмине 15,000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.

Дополнително, вкупната сума која еден учесник може да ја потроши за медиумско претставување на сите електронски и печатени медиуми не може да опфаќа повеќе од 25% од распределените финансиски средства.

Анализата на структурата на платеното политичко рекламирање на кандидатите за парламентарните избори покажува дека нај доминантна форма на рекламирање се телевизиите, за кои се реализирани средства во износ од 177.028.897 денари односно 72%, за интернет порталите средства во износ од 50.574.107 денари односно 21%, за радијата 14.373.747 денари или 6% и само 1% односно 3.860.693 денари за рекламирање во печатените медиуми.

Констатиравме дека расходи за медиумско претставување на електронските и печатените медиуми кај 7 учесници во изборната кампања го надминуваат законски дозволениот лимит од 25% од платеното политичко рекламирање во вкупен износ од 1.640.311 денари.

Структурата на расходите за платено политичко рекламирање за секој учесник на парламентарните избори е прикажана на следниот графикон:




Истакнуваме дека ДКСК смета дека финансирањето на изборниот процес со средства од Буџетот на РМ треба да се укине, поради постоење на корупциски ризици и идното влијание на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите.

## 4.2.2. Други расходи

Доколку се анализираат другите расходите направени за време на изборната кампања, без платеното политичко рекламирање од буџетот на државата, можеме да ги категоризираме овие трошоци според нивната намена и да добиеме појасна слика за тоа на кои ставки се трошат најмногу средства.

| | РАСХОДИ ЗА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учесник во изборна кампања | Транспортни услуги | Реклама и пропаганда | Одржување на предизборни собири | Вратени средства на редовна сметка | Други услуги | ВКУПНО |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | 4.003.670,00 | 27.273.103,00 | 1.138.700,00 | 0,00 | 3.623.952,00 | 36.039.425,00 |
| КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА | 3.850.000,00 | 59.131.639,00 | 9.705.531,00 | 0,00 | 3.238.314,00 | 75.925.484,00 |
| КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 1.256.001,00 | 87.508,00 | 0,00 | 75.616,00 | 1.419.125,00 |
| КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | 0,00 | 9.513.136,00 | 124.102,00 | 0,00 | 1.090.704,00 | 10.727.942,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | 141.889,00 | 4.528.560,00 | 122.227,00 | 0,00 | 1.806.124,00 | 6.598.800,00 |
| КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | 115.500,00 | 3.966.131,00 | 600.000,00 | 0,00 | 41.379,00 | 4.723.010,00 |
| ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ | 0,00 | 499.023,00 | 0,00 | 0,00 | 977,00 | 500.000,00 |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | 24.736,00 | 1.967.111,00 | 0,00 | 0,00 | 254.080,00 | 2.245.927,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 643.700,00 | 156.300,00 | 800.000,00 |
| РОДИНА МАКЕДОНИЈА | 0,00 | 548.752,00 | 0,00 | 0,00 | 36.400,00 | 585.152,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | 18.606,00 | 1.304.935,00 | 0,00 | 0,00 | 26.639,00 | 1.350.180,00 |
| РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | 0,00 | 6.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6.000,00 |
| Вкупно: | 8.154.401,00 | 109.994.391,00 | 11.778.068,00 | 643.700,00 | 10.350.485,00 | 140.921.045,00 |

Оваа анализа овозможува детално разбирање на финансиската структура на изборната кампања, при што се идентификуваат клучните области каде што кандидатите и политичките партии вложуваат најмногу ресурси. Ваквиот пристап ни дава можност да ги разгледаме основните компоненти на кампањата, како што се логистиката, организационите активности, маркетингот (освен медиумското рекламирање), трошоците за теренски активности, и други оперативни и административни трошоци.

Најголем дел од расходите на учесниците во кампањата односно 75%, се потрошени за реклама и пропаганда во износ од 109.994.391 денари.

Најскапата кампања, според анализираните податоци, не вклучувајќи го платеното политичко рекламирање, е на на Коалицијата Твоја Македонија, со вкупни расходи од 75.925.484 денари односно 54% од вкупно потрошените средства. Следува кампањата на Коалицијата Европска иднина која чинела 36.039.425 денари, што ја прави втората по големина кампања во однос на расходите со 26%, додека кампањата на сите останатите учесници изнесува 20% и расходите поединечно по учесник се значително пониски.

# 5. ОДЛУКИ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ДКСК

Во периодот на изборниот процес, ДКСК оформи вкупно 65 предмети, кои се резултат на пријави за сомневање за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата, предмети оформени по сопствена иницијатива на Комисијата, како и приговор поднесен од организатор на изборна кампања. Ова претставува значаен ангажман на ДКСК во заштитата на интегритетот на изборниот процес и превенцијата од коруптивни активности.

Анализата покажува дека најголем дел од пријавените изборни нерегуларности 58% се однесуваат на прекршување на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик каде е уредено дека: *„од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може........ да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи“*.

**ОСНОВ НА ПОДНЕСЕНА ПРИЈАВА**




## 5.1. Предмети по пријави

Од вкупно 61 поднесени пријави од граѓани и институции, ДКСК има постапено по 53 предмети, за кои има донесено 45 одлуки од своја надлежност, што укажува на ефективност во процесирањето на пријавите. Од вкупно донесените одлуки, донесени се 30 одлуки за запирање, 15 одлуки за отфрлање, додека 8 предмети се затворени со заклучоци поради идентична или слична содржина.

Во рамките на своите надлежности согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има покренато 6 иницијативи за поведување постапка за кривично гонење по предметите по кои има постапувано.

Исто така, ДКСК согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има покренато 4 иницијативи пред надлежните органи за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Постапувајќи на ваков начин, ДКСК ја демонстрира својата посветеност во идентификување и санкционирање на потенцијалните коруптивни активности.

## 5.2. Предмети по сопствена иницијатива

ДКСК оформи вкупно 3 предмети по сопствена иницијатива, по допрен глас од медиуми, а во врска со сомневања за сторени повреди на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик.

Два од овие предмети се однесуваат на постапки за јавни набавки, а еден предмет беше оформен заради наводи за сомневања за несоодветно прекинати договори на ангажирани лица во установа од областа на културата. ДКСК има донесено 2 одлуки за запирање.

## 5.3. Предмети по приговор

До ДКСК во периодот по распишување на изборниот процес беше доставен еден Приговор поднесен од организатор на изборна кампања, каде беа содржани наводи против Академијата за судии и јавни обвинители, поради сомневање за сторена повреда на начин што по распишување на Изборите за Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, била продолжена постапка за вработување во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, која била отпочната по јавно објавен оглас за прием на 130 слушатели.

За овој предмет ДКСК одлучуваше на две посебни седници на кои беа донесени две одлуки и тоа: Одлука заведена со број 12-1330/15 од 11.04.2024 година и Одлука со број 12-1330/56 од 20.04.2024 година, со што Приговорот на организаторот и учесник на изборна кампања беше усвоен, а воедно беше задолжена Академијата за судии и јавни обвинители започнатата постапка да ја стави во мирување.

Незадоволната страна поднесе Жалба до Управен суд, а подоцна и до Виш Управен суд, каде беше донесена Пресуда со која Жалбата беше одбиена како неоснована.

Во врска со овој предмет ДКСК исто така има поднесено 2 (две) иницијативи за утврдување одговорност и тоа:

- против претседател и членови на Управен одбор на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ за повреда на Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси, и тоа до надлежните органи: Судски совет, Врховен суд, Здружение на судии, Совет на јавни обвинители, Јавен обвинител на Република Северна Македонија, Здружение на јавни обвинители и Министерство за правда на Република Северна Македонија и

- против директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ до Управниот одбор на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и до Министерството за правда.

Постапката за утврдување на одговорност од страна на ДКСК е иницирана во рамките на законските рокови, како и во рамките на законски утврдените надлежности на Комисијата. Имено, Иницијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност е поднесена во рокот од 15 дена од приемот на последната одлука донесена од страна на Вишиот Управен суд на Република Северна Македонија, во врска со конкретниот случај, а во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. И покрај тоа, сакаме да истакнеме дека рокот од 15 дена не е преклузивен рок, истиот е инструктивен рок, односно со негово пропуштање на се губи правото за преземање на определено дејствие, бидејќи нема одредба во Законот која предвидува последица од не постапувањето по тој рок.

## ВИДОВИ ОДЛУКИ

| | |
|---|---|
| **ОДЛУКИ ЗА ОТФРЛАЊЕ** | кога ќе оцени дека нема елементи за надлежно постапување, оцени дека друг орган е надлежен да постапува, нема јасни наводи или укажувања за незаконитости или недозволени дејствија на службените лица при вршење на јавните овластувања и службената должност, нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава) |
| **ОДЛУКИ ЗА ЗАПИРАЊЕ** | кога со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон или кога поднесува иницијативи до други надлежни органи. |

## БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И СТРУКТУРА

| | |
|---|---|
| **65** | **61 ПРИЈАВИ** |
| | **3 СОПСТВЕНА ИНИЦИЈАТИВА** |
| | **1 ПРИГОВОР** |

## ВКУПНО 61 ПРИЈАВА





**8** ПРИЈАВИ ВО ТЕК

**53** ЗАТВОРЕНИ ПРИЈАВИ

| | | |
|---|---|---|
| **30 одлуки** за запирање на остапката | **15 одлуки** за отфрлање на пријавата | **8 заклучоци** за спојување на пријавите |

**30** ОДЛУКИ ЗА ЗАПИРАЊЕ



| | | |
|---|---|---|
| **22** не е констатирана повреда на закон | **7** утврдена е повреда на закон | **1** прекршување на закон, променета фактичка состојба |

**6** кривични иницијативи

**5** иницијативи за утврдување на одговорност на службени лица

ДКСК во текот на изборниот процес покажа високо ниво на активност и посветеност во заштита на законитоста и спречување на корупцијата. Оформувањето и процесирањето на голем број предмети, како и поднесувањето на иницијативи за кривично гонење и утврдување одговорност, укажуваат на сериозноста со која Комисијата ги третира потенцијалните прекршувања на законот.

Одлуките на ДКСК и поведените иницијативи во одредени случаи резултираа со правни последици, што дополнително го потврдува значењето на работата на Комисијата во одржувањето на правниот поредок и заштитата на јавниот интерес.

ДКСК ќе продолжи да ги разгледува и анализира овие области на изборните нерегуларности, со цел да се подобри примена на законодавството и да се спречат идни прекршувања. Сите пријави се сериозно разгледувани и се преземаат мерки за исправка на идентификуваните неправилности.

# 6. ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Законска обврска на учесниците во изборната кампања е да доставуваат извештаи за приходи и расходи до Државната комисија за спречување на корупцијата, која е важен механизам за обезбедување транспарентност и отчетност во финансирањето на изборните активности. Овие извештаи се од суштинско значење за надзорот на финансиските текови и за осигурување дека сите активности поврзани со кампањата се спроведуваат во согласност со законските рамки.

Секој учесник во изборниот процес е законски обврзан да ги пријави сите извори на приходи, вклучувајќи донации од физички и правни лица, како и да ги евидентира сите направени расходи за време на кампањата. Овие извештаи овозможуваат ДКСК да ја оцени законитоста на финансиските активности и да идентификува потенцијални неправилности или коруптивни практики, како што се пречекорувања на дозволените лимити за трошење, непријавени донации, или нерегуларности во трошењето на средствата.

Доставувањето на овие извештаи е значаен чекор во градењето на доверба меѓу јавноста и политичките партии и кандидати, како и во заштитата на интегритетот на изборниот процес. Преку редовна проверка и анализа на овие податоци, ДКСК ја исполнува својата мисија за превенција и спречување на корупцијата и обезбедување на праведни и фер избори.

## ДОСТАВЕНИ ИЗВЕШТАИ

| | Извештај за донации 11-ти ден | Извештај за донации од 11-ти ден до крај на I круг | Извештај со образец за донации 1 ден по завршување на кампања до затварање на сметка | Вкупен финансиски извештај |
|---|---|---|---|---|
| | **Член 84-б, ст.1 а.1** | **Член 84-б, ст.1 а.1** | **Член 84-б, ст.3** | **Член 85** |
| | Рок на доставување | Рок на доставување | Рок на доставување | Рок на доставување |
| | **28.04.2024** | **07.05.2024** | **1 ден по кампања, до затварање на с-ка** | **најдоцна до 15 дена од затварање на с-ка** |
| КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| КОАЛИЦИЈА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| КОАЛИЦИЈА ВЛЕН | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА | ✓ | ✓ | ✗ | ✓ |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АВАЈА | ✓ | ✗ | ✗ | ✗ |
| ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ | ✓ | ✓ | ✗ | ✗ |
| МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА | ✗ | ✗ | ✗ | ✗ |
| ТВОЈА ПАРТИЈА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| РОДИНА МАКЕДОНИЈА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА | ✗ | ✗ | ✗ | ✓ |
| ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |

Анализата што ја изврши ДКСК во делот на почитување на законскиот рок за доставување на извештаите согласно член 84-б и член 85 од Изборниот закони, покажа дека поголем број од  учесниците навремено, во рамките на законскиот рок ги имаат доставено потребните извештаи за приходи и расходи, како и за донации.

Податоците од анализата укажуваат на тоа дека учесниците во изборниот процес ја препознаваат важноста на финансиската транспарентност и дека ги почитуваат правилата утврдени во Изборниот законик. ДКСК со ова ја потврдува својата улога како надзорен орган кој обезбедува дека изборниот процес се спроведува во согласност со законските норми, што е од клучно значење за зајакнување на довербата на јавноста во изборните активности и институциите.

Од извршената анализа утврдивме дека вкупен финансиски извештај за приходите и расходите имаат доставено 13 учесници во изборниот процес, додека 4 учесници не ја исполниле законската обврска. Иако 77% од учесниците ја исполниле законската обврска, сепак во дел од извештаите има износи кои не се пополнети и суми кои не се поклопуваат со изводите од трансакциските сметки за кампањата.

Согласно член 177-а став 4 од Изборниот законик, потребно е Државната изборна комисија на предлог на Државниот завод за ревизија, на учесниците во изборна кампања кои не доставиле финансиските извештаи предвидени со членовите 84-б ставови (1) и (2) и 85 од Изборниот законик, да им определи забрана за исплата на надоместокот на трошоците за изборна кампања, се до исполнување на оваа законска обврска.

Изборно медиумско претставување е промовирање на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и друго на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници.

Во насока на транспарентност на трошоците на учесниците во изборната кампања, согласно Изборниот законик, **радиодифузерите, печатените медиуми, електронските медиуми** (електронските портали), како и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања, покрај до други надлежни институции и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

Податоците за висината на трошоците за медиумското претставување се дел на финансиските извештаи на учесниците во изборниот процес.

### ИЗВЕШТАИ ЗА ИЗБОРНО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

| | Правни лица за медиумско претсавување | Доставни извештаи | |
|---|---|---|---|
| | Вкупен број на правни лица | Број | % |
| Електронски медиуми | 249 | 47 | 18,88% |
| Телевизии | 37 | 22 | 59,46% |
| Радиостаници | 36 | 16 | 44,44% |
| Печатени медиуми | 11 | 3 | 27,27% |
| Рекламни паноа и билборди | 5 | 4 | 80,00% |

Врз основа на извршената анализа, констатиравме дека значително мал број од правните лица кои вршат платено политичко рекламирање имаат доставено извештаи до ДКСК.

Имајќи предвид дека станува збор за средства од буџетот на државата кои во вкупните расходи на парламентарните избори се над 64%, недоставувањето на извештаите е кршење на законските обврски утврдени со Изборниот законик и потребно е да резултира со правни санкции за правните лица.

Имено, согласно член 189-а од Изборниот законик, глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност треба да му се изрече на радиодифузерот или печатениот медиум кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања, како и глоба во износ од 500 до 1.500 евра за одговорниот уредник.

Со ваквото постапување се нарушува принципот на транспарентност на изборната кампања, граѓаните немаат пристап до информации за висината на трошоците за политичко рекламирање, со што се намалува доверба во целокупниот изборен процес.

# 7. СЛАБОСТИ НА ИЗБОРЕН ЗАКОНИК

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека постојат значителни слабости во законската регулатива која ги уредува изборните процеси, со што се создава потреба од нивно унапредување, менување, дополнување и усогласување. И покрај одредени измени на Изборниот законик, сè уште постојат празнини и недорегулирани прашања кои сериозно го засегаат работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата и ефективното спроведување на изборните процеси.

Системските слабости во изборниот процес на Република Северна Македонија се последица на различни аспекти на правниот и институционалниот рамки. Овие слабости се одраз на недостатоци во правната регулатива, како и на проблеми со спроведувањето и управувањето со изборните процеси. Клучните области на загриженост се недостаток на јавна расправа, проблемите со транспарентноста и имплементацијата на новите регулативи, ограничените ресурси и обуката на изборната администрација, како и недостатокот на поддршка за институциите одговорни за изборите. Овие проблеми доведуваат до непредвидливост и несигурност во изборниот процес, што може да влијае на неговата стабилност и ефикасност.

Изборната администрација, вклучително и Државната комисија за спречување на корупцијата има ограничени човечки и финансиски ресурси, што може да влијае на навремената подготовка и комуникацијата со останатите изборни органи и јавноста. Овие слабости ја нагласуваат потребата од подобрување на правниот и институционалниот рамки за изборниот процес, со цел да се обезбеди поголема стабилност, транспарентност и ефикасност на изборите во Република Северна Македонија.

## Клучни слабости на Изборниот законик

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди потреба од унапредување на законската регулатива со која се уредуваат прашања од областа на изборните процеси, во насока на нивно менување, дополнување и усогласување.

**Прецизност на регулативите за финансирање:** Потребно е да се преиспитаат и дополнително да се прецизираат одредбите од член 83 став 2, особено во делот на финансирањето на изборната кампања од редовната сметка на политичката партија и донациите. Ова се однесува на поставување на поединечни и вкупни лимити на средства финансирани или донирани од физички и правни лица, со цел да се спречи прекумерното влијание на приватни интереси.

**Недорегулирани критериуми за буџетско финансирање:** Во услови на финансирање на изборни кампањи со буџетски средства, член 76-д треба дополнително да се уреди со пропишување на мерливи критериуми за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за платено политичко рекламирање.

**Нејаснотии во поврзаноста на донаторите:** Има потреба да се уреди начинот на кој донаторите ќе докажат дека не се „поврзани лица" со радиодифузерите, печатените и електронските медиуми при финансирање или донирање на политичките партии. Ова е клучно за избегнување на конфликти на интереси и за обезбедување транспарентност во финансирањето.

**Непрецизни одредби за вишок на средства и неплатени обврски:** Одредбите од член 85 треба да се преработат за да се дефинира јасен начин на постапување кога ќе се открие вишок на средства на сметката за изборна кампања или во случај на неплатени обврски.

**Поддршка на независни кандидати од коалиции и партии:** Потребно е да се уредат условите под кои коалиција или политичка партија може да поддржи независен кандидат и да ги користи средствата за платено политичко рекламирање во корист на таков кандидат, како и да се прецизираат условите и начинот на таквата поддршка.

**Мониторинг на медиумското претставување:** Неопходно е доуредување на Изборниот законик за да се определи надлежен орган за следење и известување за медиумското претставување на интернет порталите за време на изборите.

**Примена на интероперабилни системи:** Член 76-д став 11 треба да се дополни со воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активноста на банерите, во кој ќе бидат вклучени сите засегнати страни.

**Регулирање на учеството во изборна кампања преку социјални мрежи**: Постои потреба од уредување на начинот на организирање, плаќање, сле-

дење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи.

**Електронски медиум - услови и критериуми:** Потреба од доуредување на условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за политичко рекламирање во ДИК.

**Распределба на буџетски средства за платено политичко рекламирање:** Пропишување на јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).

**Рокови за исплата на донации:** Преиспитување на утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Доуредување на член 84-б, став 8:** Доуредување на член 84-б, став 8 со кој ќе се даде можност Министерство за финансии со подзаконски акт да го уреди начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/ финансискиот извештај за изборната кампања имајќи ги во предвид сите видови/ извори на финансирање на изборната кампања особено кога не секогаш истите предизвикуваат паричен прилив на трансакциската сметка.

**Казнени и прекршочни одредби:** Доуредување на Изборниот законик со што во делот на Казни и прекршочни одредби ќе бидат предвидени глоби и за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа.

**Обучување и поддршка за финансиско известување:** Постои потреба од определување на орган кој ќе ги спроведува обуките поврзани со финансиското известување, со што ќе се подобри транспарентноста и навременото информирање на јавноста за финансирањето на изборната кампања.

Овие слабости укажуваат на потребата од сериозни унапредувања на Изборниот законик за да се обезбеди правична, транспарентна и ефикасна регулатива која ќе овозможи Државната комисија за спречување на корупцијата, како и сите институции ефективно да ги спроведуваат своите надлежности и да придонесуваат кон интегритетот на изборните процеси во Република Северна Македонија.

# 8. ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 36 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси изготви Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања за изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2024 година, кој претставува сеопфатен преглед на финансиските аспекти на изборниот процес, особено фокусирајќи се на приходите, расходите и правната рамка поврзана со финансирањето на изборната кампања.

Извештајот, детално ги анализира и административните процедури поврзани со финансирањето на изборната кампања.

Овој документ обезбедува детална анализа на финансиските текови, идентификувани слабости, и предлог мерки за подобрување на транспарентноста и ефикасноста на изборните активности, како и подобрување на улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во борбата против корупцијата, преку ефикасното постапување по предметите и имплементација на мерки за зголемување на транспарентноста и отчетноста пред граѓаните.

Државната комисија за спречување на корупцијата постигна значителен успех во борбата против корупцијата. Комисијата покажа ефикасност и решителност во справувањето со случаи на неправилности поврзани со изборната кампања. Овој извештај ги посочува конкретните случаи кои беа процесуирани, што резултираше со изрекување на соодветни санкции и преземање мерки против одговорните лица.

Државната комисија за спречување на корупција преку своите активности ја зајакна својата улога како надзорен орган и значително придонесе за зголемување на довербата во изборниот процес. Секоја постапка беше спроведена транспарентно, со што се обезбеди поголема отчетност и одговорност од страна на политичките актери. Ова го истакнува напредокот на ДКСК во создавање на фер и интегритетен изборен процес со намалување на ризиците од коруптивни активности.

Со извештајот опфативме активности што ДКСК ги презема пред започнување на изборна кампања, како превентивни мерки преку објавување на соопштенија за законските ограничувања за трошење на буџетските средства, со цел намалување на незаконски активности за време на изборниот процес.

Понатаму, со анализата на сите 291 барањата за добивање мислење, детектираме дека најчесто истите се поврзани со прашања од областа на вработувања, унапредување, водење на дисциплински постапки, започнување на изградба

на објекти, отуѓување на имот и слични активности за време на изборниот период, како и дека најчести баратели на мислење се министерствата, општините, училиштата и здравствените институции, што упатува на потребата од доуредување на забранетите активности за време на изборниот процес, со цел да избегнат незаконски постапувања и незаконски трошења на буџетските средства.

Во однос на законската обврска за доставување на податоци за службените моторни возила со кои располагаат институциите, констатиравме низок степен на реализација на оваа законска обврска под 50%, како и отсуство на нормативно решение за санкционирање од страна на ДКСК, со што се намалува можноста за превенција од злоупотреба на службените возила за потребите на изборната кампања. Во насока на зголемување на транспарентноста, Комисијата јавно ги објави сите институции кои не доставија информации до законскиот рок.

Од вкупните извори на финансирање на изборната кампања во износ од 385.022.129 денари, 64% се средства од буџетот на државата, поради што ДКСК укажува на потребата истиот да укине, поради постоење на корупциски ризици и идното влијание на политичките партии врз уредувачката политика на медиумите. Истакнавме дека Државната изборна комисија има исплатено само 3% од вкупната обврска за платено политичко рекламирање.

Во однос на постапувањето по предмети за овој изборен процес, информиравме дека ДКСК оформи вкупно 65 предмети, кои се резултат на пријави за сомневање за сторени повреди на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, предмети оформени по сопствена иницијатива, по поднесени пријави, како и приговор поднесен од организатор на изборна кампања. Од вкупно донесените одлуки, донесени се 30 одлуки за запирање, 15 одлуки за отфрлање, додека 8 предмети се затворени со заклучоци поради идентична или слична содржина.

По предметите за парламентарните избори, покренавме 6 иницијативи за поведување постапка за кривично гонење, како и 4 иницијативи пред надлежните органи за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Во однос на законската обврска за доставување на извештаи, констатиравме дека 4 учесници во изборниот процес немаат доставено вкупен финансиски извештај, додека значително мал број од правните лица кои вршат платено политичко рекламирање имаат доставено извештаи до ДКСК, со што се нарушува принципот на транспарентност на изборната кампања и се намалува доверба во целокупниот изборен процес, за што не се изречени санкции од страна на надлежните институции.

ДКСК значително придонесува за заштита на законитоста, објективност и транспарентност на изборниот процес преку ефикасно следење и контрола на финансирањето, превентивни активности и управување со пријавите за неправилности. Потребно е да се продолжи со унапредување на механизмите за справување со изборните нерегуларности и да се поттикне јавната свест и учество во откривањето на коруптивни активности, што е клучно за одржување на демократските процеси и доверба на граѓаните во институциите.

Извештајот детализира бројни недостатоци во правната и административната рамка што го регулираат изборниот процес и финансирањето на изборните кампањи во Република Северна Македонија. И покрај постоењето на законска регулатива, значителни проблеми во имплементацијата создаваат ризик за корупција. Ова е особено изразено во несоодветната примена на законските одредби, што води кон зголемен ризик од злоупотреба на средствата. Административните процедури, како што е пријавувањето на донации и трошоци од страна на политичките партии, се оценети како премногу комплексни и неефикасни, што доведува до зголемени административни трошоци и одложувања. Потребна е реформа на овие процеси за постигнување поголема ефикасност и намалување на можностите за корупција.

Извештајот укажува на потребата од зајакнување на системите за мониторинг и надзор за обезбедување поголема транспарентност и отчетност во финансирањето на изборните кампањи. Финансиското управување претставува сериозен предизвик, но успехот на ДКСК во борбата против корупцијата и справувањето со неправилностите е видлив и значителен и покрај сите предизвици.

Државната комисија за спречување на корупцијата препорачува воведување нови механизми за следење на приходите и расходите, како и реорганизација на административните процеси за поефикасно управување со ресурсите и намалување на можностите за корупција.

Овој извештај претставува значаен документ кој дава јасна слика за состојбата на финансирањето на изборните кампањи во Северна Македонија во 2024 година. Преку детално разгледување на приходите, расходите и правната рамка, извештајот ја нагласува потребата од реформи и подобрувања кои ќе обезбедат фер и транспарентен изборен процес во иднина.